Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО – с. Долно Оризари, Битола**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 17 (седумнаесет) дрвја (11 липи, 5 смрчи и дудинка) што се наоѓаат **на ул. "11 Октомври" бр.10, до Собрание на Република Северна Македонија – Скопје.**
2.Сечењето на дрвјата ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Се задолжува барателот **СТЕНТОН ГРАДБА ДОО – с. Долно Оризари, Битола**, да изврши компензациско садење на дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресечените дрвја, и тоа во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, при што дрвата во вкупен број од 51 нов високошколуван садник (1+3) треба да бидат постари од 6 години, како што е утврдено во член 36 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) во рок од 30 дена после реализацијата на точка 2 од ова решение.
4. Надзор над имплементација на точка 3 од ова решение ќе вршат Град Скопје – Сектор за комунални работи - Одделение за паркови и зеленило и ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, ул. Долно Оризари бб, Битола**, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/794** од **14.08.2026** година, за сечење на дрвјата што се наоѓаат **на ул. "11 Октомври" бр.10 – Скопје.**
Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето се јавно зеленило и дека од нив 1 (едно) дрво смрча е целосно суво, а останатите имаат плитки корени кои при партерното уредување може да се оштетат и да паднат при посилен ветер што би предизвикало материјална и нематеријална штета. Барателот располага со Договор склучен меѓу Собрание на Ребублика Северна Македонија и Стентон Градба Доо за партерно уредување на безбедносна зона за парцелата до Собранието на Република Северна Македонија.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член

13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрвја се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрвја треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/794/2**
**24.08.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП Паркови и зеленило, Архива

изработил:
**Марија Стојановска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT